ВИТОМИР МИТЕВСКИ
МАНУ
Скопје, Македонија

Почитувани,

Многумина до сега пишувале и пишуваат за академик Илиевски и неговото дело. Меѓу нив сум и јас. Не знам точно, но во разни пригоди и по разни поводи сум кажал и напишал многу нешта и верувајте, најчесто не сум се повторувал бидејќи секогаш имало нешто ново да се каже за него, за него и за неговата плодна и комплексна научна дејност.

Во оваа пригода, по повод петте изминати години откако тој нѐ напушти нас и овој свет, имам намера само да потсетам на значењето на неговото дело и да кажам нешто за него како човек, нешто што до сега не сум го рекол, а живее во мене како траен спомен, како составен дел и од мојот живот.

Академик Петар Хр. Илиевски не се срамеше секогаш да истакне со доза на гордост и самопочит дека потекнува од село Бигор Долнени крај Кичево. Не страдаше од денес многу раширената болест наречена снобизам која строго прави разлика меѓу луѓе по потекло од село и оние од град, од некое си т.н. „фино и уважено семејство“. Напротив, со нескриена љубов ми зборуваше за својот татко кој бил на гурбет во Неготин Краина, Србија, каде што заработувал како бозаџија за да им овозможи на своите деца скапо школување.

Неговиот син Петар, нашиот Илиевски, немал комплекси на инфериорност иако таму во туѓина, како што ми кажуваше, пакосно го нарекувале „Турче“ затоа што доаѓал од тогаш поранешната турска провинција Македонија. Вреден и амбициозен по природа, по завршувањето на Богословијата во Битола тој оди во Софија и таму, со мали прекини поради војната, завршува Теолошки факултет, подучуван од тамошните значајни интелектуалци меѓу кои и македонецот Иван Снегаров, родум од Охрид, на кого што се сеќаваше со посебен пиетет.

Неколку години по ослободувањето, тој се запишува на класична филологија кај професорот Михаил Д. Петрушевски и за време на студиите се издржува како библиотекар на кој факт, не можам да го прескокнам ова, некои негови помлади колеги посебно инсистираа во неговата биографија, секако, со прикриена завист поради неговото брзо напредување и светска афирмација во науката.

Оваа негово двојно високо образование, теолошко и класично, остави јасен печат на неговиот научен профил.

Од една страна, тој се истакна како класичен филолог, со специјалност во микенологија за што се усовршуваше една година во Кембриџ. Од тој негов престој произлезе не само неговиот докторат туку и значајни и доживотни контакти со видни колеги од светот меѓу кои посебно е неговото присно пријателство со проф. Килен од споменатиот универзитет. Благодарение на залагањето на проф. Петрушевски и на проф. Илиевски, Скопје скоро прерасна во еден од светските микенолошки центри од каде што произлегоа млади микенолози од Македонија и од странтво.

Напоредно со тоа, академик Илиевски се афирмираше со вредни статии објавени во најзначајни списанија во светот како и со редица книги (нема наслови да споменувам сега) во кои авторитативно пишува за микенскиот свет уважувајќи ги најновите открития од областа.

Неговото теолошко образование и познавање на јазиците и материјата од таа област придонесоа тој да се истакне и како славист. Прво се јави неговото издание на *Крнинскиот дамаскин* откриен во манастирот Св. Богородица Пречиста во близина на неговиот роден крај, а по него следеа детални истражувања на сродни теми при што Илиевски јасно ја покажа генезата и континуитетот во развојот на македонскиот јазик од почетоците во кирилометодиевскиот период наваму, до наше време.

Вредноста на тие истражувања беше веднаш препознаена од научниците, меѓу кои посебно и од Блаже Конески. Убеден сум дека придонесот на нашиот професор во оваа област допрва ќе биде верифициран од генерации на наши истражувачи што доаѓаат.

Патем да одбележиме дека неговите балканолошки студии се производ на комплексното образование на класичар и теолог што наедно е гаранција за високата компетентост и веродостојност на остварените резултати.

***

Дозволете ми сега да кажам неколку збора и за професорот Илиевски како човек кој јас имав привилегија малку подобро да го познавам.

Во духот на античката традиција на сведоштва за видни луѓе, мудреци и философи, се говори не само за нивното дело туку и за човечките квалитети.

Како мој професор на Философскиот факултет го паметам по својата предаденост на подуката на студентите настојувајќи да им ги пренесе најновите резултати во областа (за таа цел знаеше на вежбите да донесе најнови броеви на списанија и дебели томови на антикварни книги за да ни илустрира некој податок). Го паметам и како човек со блага нарав, тивок соговорник (никогаш не сум го чул да крене глас на некој свој подреден). Ако не се слагаше

со некого, едноставно се повлекуваше. Тоа не беше чин на страшливост, туку мудар потег, бидејќи беше убеден дека прост, агресивен или недоделкан човек не можеш со сила да го направиш да биде учтив и мудар.

Паметам кога јас станав доцент и се разболев од т.н. доцентска болест (а несомнени симптоми на таа болест ви се кога мислите дека наеднаш знаете сè со самото тоа што сте преминале од соработничко во наставно звање), значи во тоа време кога јас наивно и по малку комично решив „да го поправам светот околу себе“ и се впуштив во битки со колегите за да докажувам некои свои вистини, проф. Илиевски ме слушаше од страна и потоа насамо ми говореше: „Слушај, те гледам како бескомпромисно се бориш да добиеш нешто што мислиш дека ти следува. Можеби ќе го добиеш, а можеби и не, но ако вака продолжиш, сигурно ќе добиеш чир во желудникот. Сето тоа најскапо ќе го платиш, со своето здравје. Сега кога повремено пијам лекови за некои старечки здравствени проблеми, ми станува јасно колку бил во право.

Таа своја смиреност и мудрост акад. Илиевски ја носеше и ја ширеше околу себе и на Факултетот и во МАНУ. Можеби затоа и доживеа крепка старост иако водеше напорен и ангажиран живот. Добар дел од присутниве овдека знаеме како се ангажираше за Институтот, за неговата *Жива Антика* која не ја напушти до крајот, ќе речам слободно до смртниот час, се ангажираше за збогатување на библиотеката при Институтот и за многу други нешта што нам може да ни изгледаат неважни. Понекогаш во некои од книгите во нашата библиотека меѓу страниците наоѓав прав од малтер и тој ми објаснуваше дека тоа се книгите што, како што велеше „ние“ (а зад тој израз „ние“ се крие неговото скромно „јас“), значи велеше, ние ги вадевме од поземјотресните затрупани ѕидови на Филозофскиот факултет. Каков што си беше, тој не чекал некој тоа да го стори „по службена должност“.

Понатаму, неуморно, несебично и за мене по малку несфатливо упорно се ангажираше во мачното организирање на меѓународни собири на тогашното југословенско и меѓународно ниво. Но тоа за него беше цената на афирмација на македонската наука што мора да се плати. При организацијата на Микенолошкиот колоквиум во Охрид, ми раскажуваше дека во последен момент кога колегите од странство веќе пристигале, директорот на резервираниот хотел од негови бизнис причини го откажал аранжманот и целиот собир висел во воздух. Илиевски успеал да најде решение и ургентно сместување во друг хотел, но притоа го доживел и првиот срцев удар. Тоа беше цената, велеше.

На крајот, оти мора некаде и да запреме, сакам да кажам дека јас мојот професор Петар Илиевски го паметам и по неговиот благодарен, благороден, би рекол скоро побожен однос спрема своите учители. Тоа важеше во прв ред за академик Петрушевски.

Секогаш ми зборуваше со голема почит и љубов кон него, многу пати пишуваше за неговото дело, посебно за неговите препеви на Хомер и Прличев, но и за него воопшто. Илиевски самиот беше чист пример како треба да се однесуваме спрема оние што нѐ воделе во науката, пример од кој треба да учиме и на кој и денес некои меѓу нас му се верни, би рекол, според востановената традиција од него.

Со длабока благодарност кон споменот на академик Илиевски го завршувам ова мое кусо обраќање. Благодарам.